Кроациа Осигурување АД
Друштво за осигурување на Живот
Генерална Дирекција
ЕДБ: 4030004526504



**ПРОМЕНА НА УСЛОВИ 0523 ЗА ПОЛИСИ СКЛУЧЕНИ ОД 01.01.2016**

Членот 5 став (1) од Условите 0523 се менува и гласи:
„Писмената понуда за склучување на договорот го обврзува осигурувачот да одговори на понудата 8 (осум) дена од денот кога осигурувачот ја примил понудата за осигурување и дополнителна документација доколку е потребна без лекарски преглед, а ако е потребен лекарски преглед, тогаш за време од 30 (триесет) дена сметано исто така од денот кога ја примил понудата и дополнителна документација доколку е потребна. Ако осигурувачот во тој рок не ја одбие понудата, која не отстапува од условите на осигурувачот под кои се склучува предложеното осигурување, ќе се смета дека ја прифатил понудата и дека договорот е склучен."

Членот 13 став (1) од Условите 0523 се менува и гласи:
„Ако договорувачот не ја плати премијата ниту 5 (пет) месеци по достасувањето, осигурувачот ќе го повика со препорачано писмо да ја плати достасаната премија во рок од 30 (триесет) дена од денот на врачувањето на препорачаното писмо."

Членот 13 став (2) од Условите 0523 се менува и гласи:
„Ако во рокот утврден со препорачаното писмо од став (1) на овој член достасаната премија не ја плати договорувачот ниту тоа го направи некое друго заинтересирано лице, осигурувачот може:

1. со изјава да го раскине договорот, ако премијата била платена за помалку од 3 (три) години и во тој случај дотогаш уплатената премија не му се враќа на договорувачот, или
2. да му изјави на договорувачот дека ја намалува осигурената сума во случај кога се исполнети претпоставките за капитализација утврдени во член 23 на овие Посебни услови."

Член 13 став (4) од Условите 0523 се менува и гласи:
„Како исклучок, ако осигуреникот почине пред истекот на 6 (шест) месеци од уплатата на последната премија, осигурувачот е должен да ја исплати осигурената сума согласно со одредбите на член 19 на овие Посебни услови, намалена за неплатената премија по полисата за осигрителната година во која настапила смрт на осигуреникот."

Член 23 став (2) од Условите 0523 се менува и гласи:
„Капитализација на осигурувањето е возможно ако изминале 3 (три) години и ако е платена премија за 3 (три) години."

Член 24 став (2) од Условите 0523 се менува и гласи:
„Откуп е возможен ако изминале 3 (три) години и ако е платена премија за 3 (три) години."

КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за осигурување на живот, Скопје улица.Св.Кирил и Методиј 20, II кат 1000 Скопје
тел: (+389 2) 3215 083, факс.:(+389 2 ) 3215 061 , www.cro.mk

МБ: 5920922 ЕДБ: 4030004526504 IBAN: MK 07 200 0010746483 45 SWIFT CODE: STOBMK2X
Жиро-сметки: НЛБ Тутунска Банка АД Скопје: 210-0592092201-81, Шпаркасе Банка АД Скопје: 250-0010022500-89, Стопанска Банка АД Скопје: 200-001074639421, Охридска Банка: 530-0101009976-91, Комерцијална Банка АД Скопје: 300-0000021508-17, Алфа Банка АД Скопје: 280-100104614270, Стопанска Банка АД Битола: 500-0000007877-64, Еуростандард Банка АД Скопје:370016010053534, Халкбанк АД Скопје: 270000001091331, ПроКредит Банка: 380-1-065126-011-54, Уни Банка АД Скопје: 240020000325172, Централна Кооперативна банка АД Скопје: 320100005031682.

**ПРОМЕНА НА УСЛОВИ 0534 ЗА ПОЛИСИ СКЛУЧЕНИ ОД 01.01.2016**

Член 3 став (1) од Условите 0534 се менува и гласи:
„Писмената понуда за склучување на договорот го обврзува понудувачот 8 (осум) дена од денот кога осигурувачот ја примил понудата и дополнителна документација доколку е потребна за осигурување без лекарски преглед, а ако е потребен лекарски преглед, тогаш за време од 30 (триесет) дена сметано исто така, од денот кога ја примил понудата и дополнителна документација доколку е потребна. Ако осигурувачот во тој рок не ја одбие понудата, која не отстапува од условите на осигурувачот под кои се склучува предложеното осигурување, ќе се смета дека ја прифатил понудата и дека договорот е склучен.”

Член 11 став (1) од Условите 0534 се менува и гласи:
„Ако договорувачот не ја плати премијата ниту 5 (пет) месеци по достасувањето, осигурувачот ќе го повика со препорачано писмо да ја плати достасаната премија во рок од 30 (триесет) дена од денот на врачувањето на препорачаното писмо.”

Член 11 став (3) од Условите 0534 се менува и гласи:
„Како исклучок, ако осигуреникот почине пред истекот на 6 (шест) месеци од уплатата на последната премија, осигурувачот е должен да ја исплати осигурената сума согласно со одредбите на член 12 на овие Посебни услови, намалена за неплатената премија по полисата за осигурителната години во која настапила смрт на осигуреникот.”

**ПРОМЕНА НА УСЛОВИ 0535 ЗА ПОЛИСИ СКЛУЧЕНИ ОД 01.01.2016**

Членот 5 став (1) од Уловите 0535 се менува и гласи:
„Писмената понуда за склучување на договорот го обврзува осигурувачот да одговори на понудата 8 (осум) дена од денот кога осигурувачот ја примил понудата и дополнителна документација доколку е потребна за осигурување без лекарски преглед, а ако е потребен лекарски преглед, тогаш за време од 30 (триесет) дена сметано исто така од денот кога ја примил понудата и дополнителна документација доколку е потребна. Ако осигурувачот во тој рок не ја одбие понудата, која не отстапува од условите на осигурувачот под кои се склучува предложеното осигурување, ќе се смета дека ја прифатил понудата и дека договорот е склучен.”

Членот 13 став (1) од Уловите 0535 се менува и гласи:
„Ако договорувачот не ја плати премијата ниту 5 (пет) месеци по достасувањето, осигурувачот ќе го повика со препорачано писмо да ја плати достасаната премија во рок од 30 (триесет) дена од денот на врачувањето на препорачаното писмо.”

Членот 13 став (4) од Уловите 0535 се менува и гласи:
„Како исклучок, ако осигуреникот почине пред истекот на 6 (шест) месеци од уплатата на последната премија, осигурувачот е должен да ја исплати осигурената сума согласно со одредбите на член 17 на овие Посебни услови, намалена за неплатената премија по полисата за осигрителната година во која настапила смрт на осигуреникот.”

Кроациа Осигурување АД
Друштво за осигурување на Живот
Генерална Дирекција
ЕДБ: 4030004526504



**ПРОМЕНА НА УСЛОВИ 0530 ЗА ПОЛИСИ СКЛУЧЕНИ ОД 01.01.2016**

Членот 5 став (1) од Уловите 0530 се менува и гласи:
„Писмената понуда за склучување на договорот го обврзува осигурувачот да одговори на понудата 8 (осум) дена од денот кога осигурувачот ја примил понудата за осигурување и дополнителна документација доколку е потребна."

Членот 13 став (1) од Уловите 0530 се менува и гласи:
„Ако договорувачот не ја плати премијата ниту 5 (пет) месеци по достасувањето, осигурителот ќе го повика со препорачано писмо да ја плати достасаната премија во рок од 30 (триесет) дена од денот на врачувањето на препорачаното писмо."